РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 114/4
25.07. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 38 седница одржана на 27.05.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Индустриско инженерство и менаџмент", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Индустриско инженерство и менаџмент", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран машински инженер од областа на Индустриско инженерство и менаџмент / во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor of Science in Mechanical Engineering - Industrial Engineering and Management.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко-технолошки науки

Научно – истражувачко поле: 214 Машинство, 211 Индустриско инженерство и менаџмент, 218 Регулација и управување со технолошки процеси, 506 Организациони науки и управување (менаџмент).

Научно – истражувачка област: 21403 Производно машинство, технологии и системи, 21100 Метод на анализа на структура и функционирање на претпријатието, 21101 Планирање, 21102 Анализа и мерење на работата и времето, 21103 Проучување на факторите на работната средина и заштита на работа, 21104 Внатрешен транспппорт, 21105 Организација на технолошки процеси, 21106 Организација на административни процеси, 21107 Методи на теоријата на системот и системска анализа, 21108 Индустриска динамика, 21109 Теорија на одлучување, 21110 Операциони истражувања, 21111 Друго, 21302 Контрола на линија и контрола од линија, 21303 Стандардизација,

21304 Анализа на трошоци за квалитет, 21801 Моделирање, симулација и анализа на комплексни и контролни системи, 21802 Анализа на процеси со статистички процеси, 50600 Наука за организација, 50601 Теорија и организација на деловните системи, 50602 Менаџмент системи, 50605 Стратешки менаџмент, 50608 Маркетинг менаџмент, 50610 Логистика, 50611 Управување со системи, 50614 Одлучување, 50622 Управување со човечки ресурси, 50623 Претприемништво.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 60 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02 - 133/19 од 27.01.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Индустриско инженерство и менаџмент“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-108/2 од 28.01.2022 година (наш бр. 08 - 114/1 од 28.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 31-та седницата одржана на 09.02.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 114/3 од 30.06.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 38-та седница одржана на 27.05.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова